Бр. 12-2406/2
22.11.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) постапувајќи по пријава поднесена од подносителот Друштво за развој на обновливи извори на енергија --------------------------, на 12.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 24-тата седницата одржана на 15.11.2019 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот Друштво за развој на обновливи извори на енергија ---------------------------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2406/1 од 12.04.2019 година, во која се укажува на сомневања за сторени незаконитости во постапката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од страна на Регулаторната комисија за енергетика, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-2406/1 од 12.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2406/1 од 12.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот Друштво за развој на обновливи извори на енергија ------------------------------.

Во пријавата се наведува дека друштвото ----------------------------- на 04.06.2018 поднело барања за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија за пет фотонапонски електро централи до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, за кои на 10.12.2018 има добиено решенија од Регулаторната комисија за енергетика дека сите поднесени барања се одбиваат со образложение дека согласно законските одредби на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија за кои се применуваат повластените тарифи, квотата е целосно исполнета и не постои можност за одобрување на предметните барања. Исто така, во пријавата е наведено дека правното лице незадоволно од решенијата има


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

поднесено тужби до Управниот суд на Република Македонија поради погрешна примена на материјалното право и погрешно утврдена фактичка состојба.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставените прилози, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај нема надлежност за нејзино постапување, односно дека утврдувањето на статус на повластен производител на електрична енергија е во надлежност на друг надлежен државен орган, во случајот Регулаторна комисија за енергетика. Воедно, заради заштита на своите права, правното лице -----------------------, поднело тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 15.11.2019 година по број 12-2406/2

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk